Врз основа на член 50 став 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” 5/02) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за овластување на раководен службеник на општината за потпишување на акти

1. **СЕ ОВЛАСТУВА Слободан Бончаноски Раководител на одделение за администрирање на приходи** за потпишување на следниве акти:

   Данок на имот
   - Решение за данок на промет на недвижности
   - Решение за данок на наследство и подарок

   Комунални такси
   - Решение за користење на музика во јавните локали

Решенија за присилна наплата (се однесуваат за сите горенаведени решенија од даноци и комуналните такси за ненаплатени, а пристигнати обврски по основ на конечни односно извршни решенија).

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и истото ќе се објави во („Службен гласник на општината Битола“).

Бр.08- 75/1
04.01.2008.
Битола

Г р а д о н а ч а л н и к
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), и член 98 и член 100 б од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија„ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04 , 55/05, 113/05,35/06,70/06,51/07) Градоначаликот на Општина Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на В.Д. Директор на ОУ „Крсте П. Мисирков„**
**с. Бистрица -Битола**

За В.Д. Директор на Основното училиште „Крсте П. Мисирков„ с. Бистрица - Битола се именува **Јованка Трајчевска** ВСС наставник во одделенска настава во ОУ „Крсте П. Мисирков„ с. Бистрица - Битола

Функцијата В.Д. Директор именованиот почнува да ја врши од 11.01.2008 година. Мандатот на ВД Директор трае до изборот на Директор на училиштето,но не повеќе од 6 месеци.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

По еден примерок од решението да се достави до архивата на Основното училиште, архивата на општинската администрација и по еден примерок на избраниот В.Д. Директор.

**Бр.08-76/1**
**11.01. 2008 год.**

**Г р а д о н а ч а л н и к**
**на Општина Битола,**
**Владимир Талески**